Уп. бр. 08-74

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од ГЕН енергија д.о.о., со седиште на ул.Врбина 17, 8270 Кршко, Република Словенија, доставено преку Адвокатско друштво Поленак, адвокат Методија Велков од Скопје, на седницата одржана на ден 05.05.2025 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која ГЕН енергија д.о.о., со седиште на ул.Врбина 17, 8270 Кршко, Република Словенија, дирекно и индиректно преку своето поврзано друштво Савске електрарне Љубљана д.о.о. со седиште на Горењска цеста 46, 1215 Медводе, Република Словенија има намера да стекне самостојна контрола над друштвото Горењске електрарне, д.о.о., со седиште на Стара цеста 3, 4000 Крањ, Република Словенија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да платиадминистративна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 04.04.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од страна на ГЕН енергија д.о.о., со седиште на ул.Врбина 17, 8270 Кршко, Република Словенија, со која ГЕН енергија д.о.о., дирекно и индиректно преку своето поврзано друштво Савске електрарне Љубљана д.о.о. со седиште на Горењска цеста 46, 1215 Медводе, Република Словенија има намера да стекне самостојна контрола над друштвото Горењске електрарне, д.о.о., со седиште на Стара цеста 3, 4000 Крањ, Република Словенија , по пат на купување на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Основна дејност на друштвото **ГЕН енергија д.о.о** е управување со други правно независни друштва (дејности на холдинг друштва). ГЕН енергија д.о.о е владејачко друштво на ГЕН Групацијата.

Како холдинг-друштво, ГЕН енергија д.о.о, врши активности на управување врз основа на сопственички интереси во поврзани друштва и заеднички контролирани субејкти преку учество на општи состаноци, управување со финансиските резултати на подружниците, одобрување на потребните документи и именување свои претставници во надзорните одбори на подружниците и заеднички контролираните субјекти.

**ГЕН Групацијата** произведува електрична енергија од обновливи извори на енергија со ниска јаглеродна моќ, како што се: нуклеарна енергија, хидроенергија и соларна енергија.

ГЕН Групацијата ефикасно тргува со електрична енергија, овозможувајќи им на потрошувачите да добијат квалитетна услуга во форма на сеопфатно снабдување со електрична енергија и да добијат пристап до оптимизирани канали за купување.

Во Северна Македонија, ГЕН Групацијата, има 3 (три) регистрирани поврзани друштва:

- Друштво за продажба на енергија ГЕН-И ПРОДАЖБА НА ЕНЕРГИЈА ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Булевар Партизански Одреди бр.15А, Скопје – Центар, Северна Македонија, со регистрираната дејност: трговија на електрична енергија;

- Друштво за производство на електрична енергија ГЕН-И СОНЦЕ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Булевар Партизански Одреди бр.15 А/1, Скопје – Центар, Северна Македонија, со регистрираната дејност: производство на електричната енергија и

- Друштво за производство и трговија со електрична енергија ГЕН-И КАВ СОНЦЕ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Булевар Партизански Одреди бр.15 А/1, Скопје – Центар, Северна Македонија, со регистрираната дејност: производство на електрична енергија.

**Савске електрарне Љубљана д.о.о.** е дел од ГЕН Групацијата. ГЕН енергија д.о.о има 100% учество во Савске електрарне Љубљана д.о.о.

Основна дејност на Савске електрарне Љубљана д.о.о е производство на електрична енергија во хидроцентрали и истото работи со повеќе хидроцентрали. ХЕ Завршница е најстарата хидроцентрала на друштвото, која работи од 1914 година, освен оваа хидроцентрала, друшѕвото работи и со хидроцентралите: ХЕ Мосте (HE Moste), ХЕ Мавчице (HE Mavčiče), ХЕ Медводе (HE Medvode) и ХЕ Врхово (HE Vrhovo).

Основна дејност на друштвото **Горењске електрарне д.о.о** е производство на електрична енергија во хидроелектрани, соларни централи и производство на енергија во високоефикасно комбинирано производство.

**Горењске електрарне д.о.о** нема регистрирани поврзани друштва во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 (б) од Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**